# MISSCEO експертска мрежа од областа на социјалната заштита

MISSCEO експертска мрежа од областа на социјалната заштита функционира од 1999 година и има за цел да овозможи редовна размена на информации од областа на социјалната заштита и социјалната сигурност во земјите-членки на Советот на Европа кои не се членки на ЕУ, Европската Економска Област (EEA) и EFTA.

Претставник од Министерството за труд и социјална политика учествува во работата на редовните годишни состаноци на мрежата на националните кореспонденти (дописници) од 12 земји членки на Советот на Европа кои партиципираат во процесот на воспоставување и годишно ажурирање на компаративните табели на системите на социјална заштита.

Како резултат на овие активности се изготвуваат компаративни табели за системите за социјална заштита кои редовно се ажурираат. Овие табели се достапни во форма на база на податоци и во pdf формат и обезбедуваат споредливи информации и податоци за целокупната организација на системот на социјална сигурност и  начинот негово финансирање во секоја од земјите членки на MISSCEO.

Националните дописници секоја година вршат ажурирање на податоците и содржината на компаративните MISSCEO табели, преку внесување на нови содржини и евидентирање на евентуално настанатите промени. Состаноците на MISSCEO националните дописници се одржуваат еднаш годишно.

За повеќе информации, посетете ја интернет страницата на Советот на Европа
http://www.coe.int/t/dg3/socialpolicies/socialsecurity/MISSCEO/missceo_en.asp